Политика за квалитет и општествена одговорност

Интегрираната политика за квалитет и општествена одговорност на компанијата (за која правиме напори сите вработени да ја разберат и да ја спроведуваат) е да обезбеди нејзина успешна пазарна позиционираност со настојување за перманентни техничко - технолошки осовременувања и еколошко реструктуирање на производните процеси и технолошки линии и градење на конкурентската позиција базирана на висок квалитет на производите, потврден од најреномираните интернационални сертификациони институции и национални бироа за стандардизација, конкурентни цени, куси рокови на исполнување на нарачките, диверзификација на производниот асортиман во согласност со најновите искуства и практики на металуршката наука и редица други комерцијални услуги и погодности во насока на повисоки фази на финализација и маркетизација кои се нудат на купувачите.

При тоа како нејзини основни стратешки одредници на комерцијален план остануваат:

- задржување на високиот рејтинг на афирмиран и респектибилен производител во регионални и поширок рамки, со квалитет на продукцијата потврден од најреномираните меѓународни сертификациони институции;
- држење чекор со динамичните трендови на глобалниот пазар на челичански производи и спремност за натамошна диверзификација на комерцијалната понуда со модалитети за задоволување на најспецифичните барања на клиентите, куси рокови на испораките и квалитет според највисоките светски стандарди.

На планот на спроведувањето на системот за квалитет како основни одредници се потенцираат:

- идентификација и постојано настојување за намалување на неусогласеностите кои создаваат технолошки проблеми и резултираат во деловни загуби и губење на довербата кај коминтентите и стекнатиот углед во поширокатa заедница;
- обезбедување дека барањата на сите заинтересирани страни се јасно разбрани, така што нашиот производ може да биде навремено и на професионален начин доставен;
- постојано подобрување на перформансите на компанијата;
- постојано одржување и преиспитување на ефектите и ефикасноста на Системот за квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард за квалитет ISO 9001:2015, како и компатибилните стандарди за животна средина и општествена одговорност;
- развивање на свест и обврска за квалитет по целата процесна линија и на сите организациони нивоа, перманентна едукација на вработените за одговорно извршување на поставените задачи во функција на реализација на зацртаните деловни цели.

Овие деловни принципи ќе бидат реализирани, спроведувани и подобрувани преку редовен мониторинг на активностите, анализи, проверки и комуникација на сите организациони нивоа во компанијата.

Општествена одговорност на АД Макстил

Инкорпорирана во системот за квалитет на поширок општествен план, како потврдена компаниска одредница останува да се развиваат практики на одговорно однесување и работење кои подразбираат целосно почитување на правата од работен однос, стандардите за заштита на работната и животната средина, етичкото и професионално коректно однесување со купувачите и добавувачите и разновидни содржини и форми од доменот на компаниската филантропија и други облици на поддршка на проекти и активности од значење за локалната и поширокатa општествена заедница.

Ревизија 8
Март, 2022

Марија Дуковска Павловска
Генерален директор